РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение од 60-тата седница одржано на 31.01.2022 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2330/1 од 08.04.2019 година **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-302/1 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2330/1 од 08.04.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата подносителот изразува незадоволство од постапувањето на Апелационен суд во Скопје, кој за иста правна работа, донел различни судски одлуки, со кои различно ги применил одредбите од Законот за домување. Подносителот ја надополни пријавата на 25.12.2019 година, со достава на дополнителен доказ. Од ДКСК бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата доставени се докази.

По разгледување на наводите во пријавата и доставените докази, ДКСК се обрати до Судски совет на Република Северна Македонија и до Апелационен суд во Скопје, со барања за достава на податоци, информации и документација по однос на конкретниот случај, на што доследно беше постапено од нивна страна. ДКСК откако оцени дека располага со доволно докази за да постапува по предметот, пристапи кон утврдување на правната и фактичката состојба по однос на наводите од пријавата, па ценејќи го поединечно секој одделен доказ, како и сите докази во целина и по извршената единечна и вкрстена анализа на сите факти во предметот, утврди дека во конкретниот случај Апелациониот суд во Скопје, за иста правна работа, изразил различно правно сфаќање по однос на примената на одредбите од Законот за домување, заради што, му укажал на Апелациониот суд во Скопје, дека е неопходно да ја воедначи судската пракса, со цел да се обезбеди единство во примената на одредбите од тој Закон, а коишто одредби се однесуваат на рокот за раскинување на договорот за користење управувачки услуги на станбена заедница. Постапувајќи по ова укажување, Апелациониот суд во Скопје одржал општа седница на /// година, на која бил донесен заклучок за воедначување на судската

пракса, според кој во иднина ќе се применува одредбата од Законот за домување согласно кој рокот е 3 (три) години. По однос на конкретниот случај за подносителот, бил донесен заклучок дека станувало збор за два различни предмети, со различна фактичка состојба, затоа што во едниот предмет тужителите се откажале од тужбата, поради што рокот од 3 (три) месеци воопшто не бил спорен факт, а во вториот случај, судијата кој постапувал по предметот, врз основа на слободно судиско убедување одлучил дека тужителот требало да плати за услугите за домување, за што биле согласни сите судии кои биле присутни на општата седница.

Од горе наведеното, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, заради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Горан Трпеноски**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk